# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

2015
2019

Издавач:

Македонско здружение за заштита при работа

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

331.45/.47(497.7)‘2015/2019“

СТРАТЕГИЈА за унапредување на безбедност и здравје при работа во
Република Македонија преку активно учество на граѓански организации :
2015-2019 / [автори Александар Гроздановски ... и др.]. - Скопје :
Македонско здружение за заштита при работа, 2015. - 52 стр. : илустр.; 26 см

Регистри

ISBN 978-9989-2842-5-0

1. Гроздановски, Александар [автор]

а) Безбедност и здравје при работа - Македонија - Стратегии - 2015-2019

COBISS.MK-ID 98030602

Оваа публикација е подготвена со поддршка од Европска Унија. Содржината на оваа пуликација е единствена одговорност на Македонското здружение за заштита при работа и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европска Унија.

# Вовед

Со појавата на првите облици на работа се појавила и потребата од преземање на мерки и активности за обезбедување на безбедност на работниците и оние кои учествувале во процесот на работа. Денес во секоја земја во светот постои потреба од подобрување на условите за БЗР. Во таа насока треба да се преземат мерки за спречување на опасностите при работа, подобрување на здравјето и промовирање на култура ориентирана кон БЗР. Основна цел на БЗР е во склад со законот и другите прописи од оваа област, да се постигне највисоко ниво на здравствена и психо – физичка заштита. За остварување на оваа цел неопходен е систематски пристап во превентивно делување и поврзување на сите субјекти кои се носители на одредени обврски и активности на национално ниво, но и пошироко со меѓународните институции од оваа област.

Поради претходно наведените причини во РМ се изработува Стратегија за безбедност и здравје при работа (СБЗР). СБЗР е акт на Македонското здружение за заштита при работа, со кој на сеопфатен начин се проценува состојбата во областа на БЗР во РМ. Во СБЗР за периодот од 2015 до 2019 година се предлагаат мерки за развој на БЗР, односно се дефинираат активности, цели, начини и насоки за подобрувања во оваа област. СБЗР е изработена врз основа на ЗБЗР (Сл. Весник на РМ бр.92/07 од 24.07.2007 год., законите за негово изменување и дополнување објавени во Сл. Весник на РМ бр.136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14 и одлуките на Уставен суд од 07.07.2010, 29.06.2011, 02.05.2012), како и под законските акти преку кои во националното законодавство се транспонирани директивите на ЕУ и конвенции на МОТ, преку придржување кон основните принципи промовирани во овие документи. Основа на оваа Стратегија е Студијата за спроведување на БЗР во РМ, во рамките на проектот: „Граѓанските организации како активни социјални актери во промоција на БЗР стандарди“, имплементиран од Македонско здружение за заштита при работа, а финансиран од Европска Унија, чии цели се: утврдување на актуелната состојба за спроведување на безбедноста и здравјето при работа  во Република Македонија и поддршка на граѓанското општество во обезбедувањето на имплементација и надгледување на стандардите за безбедност и здравје при работа во Република Македонија.

Регистар на кратенки

1. БЗР – Безбедност и здравје при работа
2. ГО – Граѓански организации
3. ДИТ – Државен инспекторат за труд
4. ESAW - Европска статистика за несреќи при работа
5. ЕСС - Економско - социјален совет
6. ЕУ – Европска Унија
7. ЗБЗР – Закон за безбедност и здравје при работа
8. ЗРО – Закон за работните односи
9. ИЈЗ – Институт за јавно здравје
10. ИМТ – Институт за медицина на трудот
11. ИС - Институт за стандардизација
12. КСС - Конфедерација на слободни синдикати
13. ЛС – Локална самоуправа
14. МЗ – Министерство за здравство
15. МЗЗПР – Македонско здружение за заштита при работа
16. МЗМТ - Македонско здружение за медицина на труд
17. МОН - Министерство за образование и наука
18. МОТ – Меѓународна организација на трудот
19. МТСП – Министерство за труд и социјална политика
20. ОРМ – Организација на работодавачи на Македонија
21. СБЗР – Стратегија за безбедност и здравје при работа
22. СЗО – Светска здравствена организација
23. СМТ – Служби за медицина на трудот
24. ССМ - Сојуз на синдикати на Македонија
25. ФЗОМ – Фонд за здравствено осигурување на РМ
26. ФПИОМ –Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РМ
27. ХТЗ - Хигиенско техничка заштита

## Цели на Стратегијата

Основната цел на СБЗР е унапредување на БЗР во РМ, преку создавање на социо -економска мотивација на сите учесници во процесот на работа, односно што поголем број на стопански субјекти активно да управуваат со БЗР, како и создавање на свест и култура за БЗР кај граѓаните на РМ. А, исто така цел на оваа Стратегија е и континуиран развој на БЗР и прилагодување на актуелните трендови, со што РМ како земја кандидат за членство во ЕУ ќе ги исполни критериумите за членство во доменот на БЗР. Стратегијата има за цел унапредување на условите за работа преку спречување на повредите на работа, професионалните болести и болестите поврзани со работата и нивно сведување на најмала можна мера, односно постигнување на одржливо мал број на повреди на работа, професионални болести и болести поврзани со работата. СБЗР се темели на фактот дека чувањето и унапредувањето на здравјето на луѓето е едно од основните човекови права, кое истовремено претставува и предуслов за успешна работа и поголема продуктивност во работата. Нејзина цел е воспоставување на рационална и кохерентна структура на мерките за БЗР, развиени од сите релевантни субјекти за превенција од професионалните ризици.

## Визија

Визија на СБЗР: Република Македонија е општество во кое преку функционален и превентивен систем се создава безбедна и здрава работна средина.

## Мисија

Мисија на СБЗР: Да се воспостави систем со кој ќе се постигнат безбедни и здрави услови за работа, а во најголема можна мера да се обезбеди намалување на повредите, професионалните болести и болестите поврзани со работата. Мисијата е насочена кон сите стопански субјекти, а посебно кон секторот за мали, средни претпријатија и претприемачи, преку создавање на предуслови за примена на најдобри практики за БЗР, а посебно во секторите со висок ризик (градежништво, преработка на дрво, дејноста на сообраќај, хемиската индустрија, земјоделството, секторот за здравствени услуги и др.), како и кон посебно ранливите групи на вработени (бремени жени, млади луѓе, постари вработени, лица со посебни потреби, инвалиди на трудот, итн.) и соработка со сите учесници во БЗР. Превенција од болка и страдање на луѓето предизвикани од смртните случаи, повредите и болестите на работните места во РМ е мисија на Стратегијата. Стратешката рамка на другите секторски политики, особено во областа на одржливиот развој, намалување на сиромаштијата, заш-

титата на животната средина, енергијата, вработувањето и другите области, директно или индиректно придонесуваат за постигнување на БЗР.

## Приоритети на Стратегијата

За остварување на својата визија и мисија, Стратегијата дефинира неколку стратешки приоритети и тоа:

1. Унапредување на законската регулатива за БЗР;
2. Подигнување на јавната свест за БЗР;
3. Подигнување на компетенциите на релевантните субјекти за БЗР;
4. Унапредување на системот за евиденција во областа на БЗР;
5. Унапредување на улогата на Советот за БЗР и
6. Иницијативи за секторска и меѓу секторска соработка во сферата на БЗР на национално и меѓународно ниво;
7. Превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди при работа.

# 1. Опис и оцена на состојбата

## 1.1. Нормативна рамка

Превенцијата од повреди на работа, грижата за условите во кои работниците ги извршуваат своите работни задачи како и унапредувањето на здравјето на сите учесници во работниот процес е пракса која се среќава во РМ, уште во доцните 40-ти и раните 50-ти години на минатиот век со усвојување на терминот хигиенско - техничка заштита (ХТЗ). Терминот ХТЗ настанал непосредно после Втората светска војна, бил вграден во тогашните прописи и претставувал само еден дел од мултидисциплинарна област која се викала заштита на работа.

Начелото на заштита при работа е уставно начело во РМ. Па така, уставно право на секој граѓанин е заштита при работењето. Согласно со уставното начело за правото на секој вработен на заштита при работа, БЗР како збир на мерки, нормативи и стандарди пропишани за создавање на безбедни услови за работа во РМ е концептирана како составен дел на организацијата на работата и на работниот процес и врз таа основа се обезбедува за секој работник, без оглед на видот и сложеноста на работата. Здрава, мотивирана и задоволна работна сила е важна за социјалната и економската благосостојба на секоја нација. Па, затоа по осамостојувањето на РМ е донесен Закон за заштита при работа кој бил насочен кон заштита на работниците, што значи првенствено се однесувал на последиците, а не на отстранување на причините за настанување на повреди или професионални болести на работниците на работното место и во работната околина. Во РМ во 2007 година е донесен ЗБЗР. Ова е нов, современ закон кој е усогласен со директивите на ЕУ и Конвенциите на МОТ. Покрај овој закон одредби кои се однесуваат на БЗР се содржани и во следниве закони:

- Закон за работните односи;
- Закон за здравствена заштита;
- Закон за здравствено осигурување;
- Закон за пензиско и инвалидско осигурување;
- Закон за заштита од вознемирување на работно место;
- Закон за евиденција од областа на трудот;
- Закон за инспекција на трудот.



Врз основа на ЗБЗР се донесени низа под законски акти – правилници. Во насока на хармонизација на македонското законодавство со ЕУ легислативата, се врши континуирано усогласување и на прописите од областа на БЗР. Во РМ донесени се и под законски акти – правилници кои произлегуваат од усогласувањето на националното со законодавство на ЕУ. Законската рамка за БЗР во РМ ја сочинуваат и ратификуваните Конвенции на МОТ и тоа: Конвенцијата на МОТ бр. 81 (1947год.), Конвенцијата на МОТ бр. 155 (1981год.), Конвенцијата на МОТ бр. 161 (1985год.), Конвенцијата на МОТ бр. 167 (во 1988год.), Конвенцијата на МОТ бр. 187 (2006год.) и други.

Во РМ се донесува и Програма и Стратегија за БЗР. Во нив се дефинираат политиките и плановите за усогласување на македонската со ЕУ легислативата и транспонирање на ЕУ директивите, како и имплементирање на конвенциите и препораките на МОТ во домашното законодавство.

## 1.2. Анализа на состојбата во областа на БЗР во РМ во периодот од 2010 до 2013 година

Во продолжение е дадена фактичката состојба за бројот на повреди, колективни повреди и смртни случаи на работните места во РМ во периодот од 2010 до 2013 година, евидентирани од страна на ДИТ. Имајќи ја во предвид стапката на невработеност во РМ, како и значителниот удел на сивата економија, веројатно е дека голем број на повреди и професионални болести не се пријавуваат.

| | 2010г. | 2011г. | 2012г. | 2013г. |
|---|---|---|---|---|
| Повреди на работа | 625 | 786 | 1446 | 1338 |
| Колективни повреди | 4 | 2 | 5 | 9 |
| Повреди на работа со смртни последици | 12 | 12 | 13 | 16 |

*Извор: Државен инспекторат за труд*

Покрај ваквата официјална евиденција, своја евиденција води и МЗЗПР и за таа цел изготвува свои годишни извештаи во кои се евидентираат повредите, смртните случаи на работно место, односно се анализираат несреќите на работа според: градовите; дејностите; деновите во неделата; месеците во кои се случиле; возраста и полот на работниците. МЗЗПР како извор за добивање на податоци за настанати несреќи при работа ги користи информациите објавени во пишаните медиуми во РМ. Во продолжение се дадени податоци од МЗЗПР, за несреќи при работа во периодот од 2010 до 2013 година, при што се забележува јасна разлика во споредба на овие податоци со податоците од ДИТ.

| | 2010г. | 2011г. | 2012г. | 2013г. |
|---|---|---|---|---|
| Смртни случаи | 44 | 44 | 45 | 28 |
| Повреди на раб. место | 85 | 79 | 116 | 70 |
| Вкупно несреќи при работа | 129 | 123 | 161 | 98 |

*Извор: Македонско здружение за заштита при работа*

Од анализата на претходно наведените податоци за повредите и смртните случаи на работно место во РМ во периодот од 2010 - 2013г. следи заклучок дека во РМ постои загрижувачка состојба во областа на БЗР. Загрижувачка е тенденцијата на пораст на бројот на телесни повреди на годишно ниво, а исто така алармантна станува и состојбата во одделни области во кои континуирано се забележува пораст на бројот на смртни случаи и повреди на работно место (пр. градежништво). Па, се поставува прашањето станува ли работното место бојно поле и на што се должат сите овие несреќи? Анализите доведуваат до заклучок дека во РМ недоволно се обезбедува БЗР, што би можело да се надмине со ефективна и ефикасна примена на прописите од областа на БЗР и промоција на стандарди за БЗР. За жал сé уште сме многу далеку од Велика Британија која има најмала стапка на смртни случаи на работно место и Шведска и Ирска кои имаат најмала стапка на повреди при работа кои предизвикуваат отсуство од работа повеќе од три работни дена.

## 1.3. Институционална рамка

Национални институции и организации кои преземаат активности во доменот на БЗР во РМ се:

1. Собрание,
2. Влада,
3. Ресорни министерства, инспекторати, институти, фондови и други државни органи,
4. Совет за БЗР,
5. Економско – социјален совет,
6. Синдикати,
7. Организација на работодавачи,
8. Невладин сектор.

### 1.3.1. Собрание

Собранието на РМ како највисок претставнички орган, а исто времено и орган во чија надлежност спаѓа донесувањето на законите, го донесува ЗБЗР и другите законски акти кои содржат одредби кои ја уредуваат БЗР.

### 1.3.2. Влада

Согласно ЗБЗР, Владата донесува Програма за БЗР. Со оваа Програма се утврдува Стратегијата за развој на БЗР во врска со заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа и професионални и други болести поврзани со работењето. Оваа програма е основен документ кој утврдува стратешки насоки во доменот на БЗР, а обврската за нејзино донесување произлегува од Конвенцијата бр. 155 на МОТ.

### 1.3.3. Ресорни министерства, инспекторати, институти, фондови и други државни органи

**А) Министерство за труд и социјална политика (МТС)**

Министерството за труд и социјална политика е одговорно за БЗР. МТС е надлежно да предлага, извршува, развива и имплементира прописи од областа на БЗР и да ја координира политиката на Владата во областа на БЗР. Министерството е одговорно за имплементација на национална легислатива и меѓународните конвенции во доменот на БЗР.

**Б) Државен инспекторат за труд (ДИТ)**

Државниот инспекторат за труд (или популарно познат како Трудова инспекција) функционира како орган во состав на МТСП и за својата работа директно одговара пред министерот за труд и социјална политика. Инспекторатот за труд делува на територијата на целата држава преку воспоставената мрежа на инспектори која брои 71 инспектори за работни односи, односно 60 инспектори за работни односи и плус 11 интегрирани инспектори за работни односи и БЗР како и 38 инспектори за БЗР. ДИТ врши инспекциски надзор врз примената на прописите кои се однесуваат на БЗР. Во прилог на следење на спроведувањето на законите, ДИТ врши надзор и врз примената на други мерки и стандарди за БЗР, технички мерки кои се однесуваат на БЗР, стандарди и општи признати мерки во делот за регулирање на прашањата за БЗР.

**В) Министерство за здравство (МЗ)**

Покрај МТСП, свои активности на полето на БЗР презема и министерството за здравство. МЗ се грижи за здравјето на граѓаните воопшто, а во смисла на БЗР се грижи за подигање на свеста за подобрување на здравствената заштита на работниците и одговорно однесување на работодавачите. Согласно ЗБЗР за спроведување на здравствена заштита на вработените, работодавачот треба да ангажира професионални здравствени услуги. Со законот и под законските акти е дадена важна улогата на професионалните здравствени услуги, особено со под законските акти кои ги транспонираат директивите на ЕУ во оваа област, преку упатување на здравствени прегледи на вработените кои се изложени на бучава, вибрации, хемиски супстанции и др.

**Г) Институт за медицина на трудот (ИМТ)**

Законот за здравствена заштита ги постави основите на Институтот за медицина на труд на територијата на РМ. Овој институт: спроведува високо специјализирана здравствена дејност во областа на медицината на трудот, специјалистичко консултативни здравствени услуги, активности за унапредување на здравјето на работно место, амбиентален мониторинг во работната средина и процена на ризици на работните места, изградува и спроведува стручно – медицински доктринарни критериуми во својата област, развива и применува информационен систем во областа на БЗР,

врши усовршување на здравствените работници, дава стручно – методолошка помош, ги координира здравствените установи од областа на медицината на трудот и врши научно – истражувачка дејност.

**Д) Институт за јавно здравје (ИЈЗ)**

Институтот за јавно здравје ги врши работите утврдени со прописите од областа на јавното здравје. Овој институт е првата овластена јавно - здравствена установа која преку Одделението за медицина на труд и проценка на ризици ги извршува задачите од член 20 од ЗБЗР. ИЈЗ располага со современа и софистицирана опрема, како и ангажираност на експерти, кои овозможуваат интердисциплинарно спроведување на интегрирана превентивна здравствена заштита на работниците. Тоа овозможува идентификација на физичките, хемиските и биолошките штетности во работната средина, како и нивните концентрации во биолошкиот материјал на професионално изложените работници.

**Ѓ) Министерство за образование и наука (МОН)**

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно - образовниот систем во РМ, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. МОН игра важна улога во создавање на услови за проекција на образовните потреби, подигање на нивото на образованието и стручноста на работната сила, како и подигање на свеста кај учениците за значењето на БЗР. МОН има клучна улога за воведување на БЗР во наставно – образовниот процес во образованието, па преку наставните планови и програми треба да овозможи стекнување на основни познавања од областа на БЗР за учениците во РМ.

**Е) Министерство за економија**

Министерството за економија во рамките своите надлежности работи на остварување на визијата за работните места да бидат одлични места за работа каде што луѓето ќе бидат инспирирани да работат најдобро што можат.

**Ж) Државен инспекторат за техничка инспекција**

Државниот инспекторат за техничка инспекција е орган во состав на Министерството за економија. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема.

**З) Институт за стандардизација (ИС)**

За вршење на работите и задачите од областа на стандардизација кои се утврдуваат со Закон за стандардизација, во РМ се основа Институт за стандардизација како посебна јавна установа, со својство на правно лице. Својата цел овој институт ја остварува преку дефинирање на карактеристиките на производите, постапките и услугите, кои ја определуваат нивната способност да ги задоволат определените барања, квалитетот на животот и здравјето на луѓето, безбедноста на имотот и заштитата на животната средина и природата, економичноста и рационалноста во користењето на човечката работна сила, материјалите и енергијата во процесот на производство и размена на стоки, индустриската ефикасност по пат на намалување и усогласување на разновидноста на одделни производи, процеси и услуги, како и можноста за замена на еден производ, процес или услуга со друг.

**Ѕ) Министерство за животна средина и просторно планирање**

Министерството за животна средина и просторно планирање презема мерки и активности за заштита на животната средина. Затоа што работната средина е само еден сегмент од животната средина, произлегува тесна поврзаност помеѓу работната и животната средина.

**И) Фондови**

ФЗО и ФПИОМ соработуваат и учествуваат во процесот на донесување на заеднички ставови за прашања за подобрување на БЗР, како и развој и подобрување на општата култура на БЗР.

**Ј) Државен завод за статистика**

Државниот завод за статистика како самостојно владино тело, има основна задача да продуцира високо квалитетни и веродостојни статистички информации за РМ, односно е одговорен за продуцирање на официјалната статистика во РМ, а воедно е и координатор на статистичкиот систем во РМ. Државниот завод за статистика со своите податоци придонесува за мониторинг и анализа на состојбата во областа на БЗР во РМ.

**К) Судови и јавни обвинителства**

Улогата на судовите и јавните обвинителства во БЗР се рефлектира преку изречените санкции за кривични дела и прекршоци за непочитување на прописите за БЗР.

### 1.3.4. Совет за БЗР

Во ноември, 2009 год, согласно чл. 43 од ЗБЗР, со одлука на Владата на РМ, формиран е Совет за БЗР, како експертско советодавно тело. Советот разгледува и дава мислење и препораки за: програмата за БЗР; состојбата во областа на БЗР, стратегијата за кохерентната политика за спречување и намалување на повредите на работното место, професионалните болести и други болести и повреди кои се поврзани со работата; стручни основи за изработка на закони и други прописи за БЗР и документи на меѓународни организации во однос на БЗР.
Советот го сочинуваат 15 члена од кои четири члена, од репрезентативните организации на работодавачите, четири члена од репрезентативните синдикати, три члена именувани од Владата на РМ, еден член претставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на БЗР, еден член претставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на медицината на трудот, еден член претставник на здружението на стручните лица за БЗР и еден член претставник на здружението на експерти на медицина на трудот.

### 1.3.5. Економско - социјален совет (ЕСС)

ЗРО во членовите 246 и 247 предвидува основање, надлежност и состав на Економско – социјален совет. ЕСС се основа со спогодба меѓу Владата, репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачи. Дејноста на ЕСС се темели на потребата за тристрана соработка меѓу Владата, синдикатите и здруженијата на работодавачите, во решавањето на економските и социјалните прашања и проблеми. ЕСС разгледува законски и други прописи, национални стратегии и програми кои што се во врска со економско - социјалните интереси на работниците и работодавачите, проекти и материјали од економската и социјалната сфера и при тоа носи соодветни

предлози, мерки и заклучоци. Заклучоците во однос на законските прописи се доставуваат до Владата на РМ и Собранието на РМ.

### 1.3.6. Синдикати

- **Сојуз на синдикати на Македонија (ССМ)**

ССМ е организација во која доброволно и врз демократска основа се здружуваат синдикатите заради застапување на економските и социјалните интереси на членството. Генерална, стратешка цел на ССМ е обезбедување здрави и безбедни услови за работа, што ќе го сочуваат човековото достоинство и неговото здравје на работното место. За ССМ значајно место има подигнувањето на свеста кај вработените, но и кај релевантните субјекти во државата, односно кај социјалните партнери, научните и стручните организации и институции, експертите, професионалците и невладиниот сектор за прашањата од областа на БЗР. ССМ редовно учествува на годишните собранија на МОТ и дава мислења и забелешки за извештаите на Владата на РМ во врска со трудовите стандарди, како и за имплементацијата на конвенциите и препораките на МОТ.

- **Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС)**

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија е доброволна синдикална организација во која се здружени синдикати од јавниот и приватниот сектор во РМ, кои притоа формираат две федерации: Федерација за јавен сектор и Федерација за приватен сектор. КСС е самостојна организација, независна од власта, политичките партии, работодавачите и други организации и интересни групи. Една од основните  цели на КСС се поздрави и побезбедни работни места.

### 1.3.7. Организација на работодавачи (ОРМ)

Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) претставува над 15 сектори, во кои се вработени скоро 70 000 вработени во 1012 претпријатија од приватниот сектор во РМ. Вклученоста на ОРМ се однесува на теми  во интерес на работодавачот поврзани со образование, инфраструктура, општествена одговорност, БЗР, трудова и социјална легислатива, оданочување, инвестирање, казнена политика, кредитирање и сл. Мисија на ОРМ е креирање мерки, политики и активности на работодавачите низ координација и соработка со социјалните партнери, Владата и Синдикатот, со цел да ги застапува интересите на работодавачите воопшто и посебно во социјалното партнерство, да се грижи за развој и остварување на правата и слободите на работодавачите, колективно договарање, склучување и спроведување на Општиот колективен договор за стопанство во РМ и Колективни договори на ниво на дејности. Целта на ОРМ, меѓу другото е подигање на свеста на работодавачите за важноста БЗР, како и подигање на јавната, бизнис и националната култура за превенција во областа на БЗР.

### 1.3.8. Невладин сектор

- **Здруженија за БЗР**

Здружувањето на граѓаните во РМ е присутно од крајот на XIX век и почетокот на XX век. Денес граѓанскиот сектор во РМ се карактеризира со голема шареноликост во поглед на застапеноста

на различните сектори. Во РМ постојат неколку илјади ГО. Некои од нив се ангажирани околу БЗР, но загрижувачки се податоците за малиот број на здруженија чија дејност се однесува на БЗР. Моментално постојат само три активни здруженија во оваа дејност и тоа: „Македонско здружение за заштита при работа“ (МЗЗПР), „Здружение за безбедност при работа 28 –ми Април“ и „Здружение за заштита при работа Битола“. Во оваа насока, свои активности преземаат и здруженијата од областа на медицината на трудот (Македонско здружение за медицина на труд - МЗМТ и др.).

- **Правни лица со дозвола за вршење на стручни работи БЗР**

МТСП на правно лице кое ги исполнува условите во однос на вработени, организација, технички и други услови, му издава дозвола за вршење на следниве стручни работи:

- Процена на ризик;
- Редовно тестирање и контрола на работната опрема;
- Концепт за изјава за безбедност,
- Изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата и
- Вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности и микроклиматски услови во работната средина.

Министерот надлежен за работите од областа на трудот може да ја одземе дозволата за работа, во следниве случаи:

- По утврдување дека правното или физичкото лице не ги исполнува неопходните услови за добивање на дозволата;
- Правното или физичкото лице кое добило дозвола не ги извршува задачите прецизирани во дозволата по една година од нејзиното издавање;
- Дозволата била издадена врз основа на лажни податоци и
- По предлог на инспекторот на труд, доколку е утврдено дека работите не се вршат професионално и согласно со прописите од областа на БЗР.

МТСП објавува список на правни субјекти кои добиле овластување за вршење на стручни работи за БЗР и список на правни субјекти на кои им е одземено овластувањето – дозволата за вршење на стручни работи за БЗР.

## 2. Основни цели на БЗР

БЗР се едни од најценетите индивидуални и општествени вредности. Нема ништо повредно од животот на човекот, од борбата за обезбедување на здрави и безбедни услови за работа во една нормална животна средина. БЗР има голема важност, не само овде во РМ, туку и во сите земји во светот.

Основни цели на БЗР се:

- Да се заштитат сите вработени и заинтересирани страни;
- Да се усогласат релевантните национални со меѓународните прописи;
- Да се намалат опасностите по БЗР;
- Да се регулираат негативните ефекти од ризиците по БЗР;
- Да се оценува/подобрува ефикасноста на БЗР;
- Да се биде подготвен за итни случаи и да се интервенира без одложување;
- Да се обучат и информираат сите вработени во врска со прашања од областа на БЗР итн.

Основните цели на БЗР се постигнуваат со: донесување на законски и под законски акти кои ја уредуваат БЗР; целосна имплементација на овие акти; развивање на култура на БЗР, односно свест и познавање на мерките за БЗР од страна на работниците и работодавачите; поголема активност и поддршка од страна на ГО во запознавање на засегнатите страни со стандардите од областа на БЗР и имплементација на истите во сите дејности; основање на повеќе ГО кои ќе работат на полето на БЗР, а секако ќе имаат и добра координација и соработка во ваквите организации на меѓународно ниво итн.

Главни причини, кои ја мотивираат организацијата, да му придава примерно внимание на БЗР се: законодавството, етичките и економските причини, задоволството на вработените, угледот на организацијата и др. БЗР не претставува само законска обврска, туку и суштинска потреба за подобрување на продуктивноста и економскиот прогрес на секоја земја. Според податоци од Европската агенција за БЗР, професионалните болести и повреди при работа се резултат на несоодветно организиран систем на БЗР и ја чинат секоја земја меѓу 2,6 и 3,8 % од вкупниот БДП.



# 3. Стратешки приоритети

Во продолжение се дадени стратешките приоритети и целите кои ќе се постигнуваат со нив.

## 3.1. Стратешки приоритет бр. 1 Унапредување на законската регулатива за БЗР

Во рамките на овој стратешки приоритет се предвидени следните специфични стратешки цели:

1.1. Измени и дополнувања на ЗБЗР.

1.2. Ревизија на правилниците за БЗР.

1.3. Доуредување на регулативата за БЗР со иницирање на нови правилници.

1.4. Категоризација на правилници според дејноста и големината на правните субјекти.

За остварување на првата цел, неопходно е постојано да се поднесуваат иницијативи и предлози за измена и дополнување на ЗБЗР во насока на отстранување на утврдените недостатоци, усвојување на предлозите на социјалните партнери, стручните установи, како и другите невладини организации од областа за БЗР. Покрај тоа измените и дополнувањата треба да бидат насочени и кон вградување на измените на ниво на ЕУ во националниот ЗБЗР.

За остварување на втората специфична стратешка цел потребно е да се формира работна група која ќе изврши согледување на постојната состојба, преку подготвена студија за анализа на правилниците. Понатаму ќе се изврши ревизија на правилниците и ќе се иницира отстранување на утврдените недостатоци и недоречености во ревидираните правилници. Некои правилници треба да се редефинираат, а посебно во делот на одмерување на глобите. Казнените одредби во правилниците да се усогласат процентуално (%) во однос на големината на претпријатието.

За остварување на третата специфична стратешка цел потребно е покрај веќе донесените под законски акти кои се однесуваат на БЗР, да се следи состојбата во областа на БЗР на европско и светско ниво, што би значело континуирано менување и дополнување на домашните позитивни правни прописи од областа на БЗР согласно европските и светските трендови. Прифаќање и примена на меѓународните, пред сé европските документи, како и националните стандарди и прописи за БЗР, ќе овозможи добро регулирана БЗР. Предвидено е формирање на работна група, која преку усвоен план за работа ќе врши анализа на прописите за БЗР и ќе креира предлог правилници со помош на организирани дебати и средби со релевантните субјекти од областа на БЗР. Во однос на под законските акти во стратешкиот период е предвидено усвојување на следните предлог правилници:

- Предлог правилник за ревизија на актот за проценка на ризик;
- Предлог правилник за начинот на полагање на стручен испит;
- Предлог правилник за БЗР за осудени лица;
- Предлог правилник за БЗР во рудници, енергетски објекти и др., односно за секоја високо ризична дејност.

Правилникот за ревизија на актот за проценка на ризик треба да содржи обврска за ревизија на актот од страна на научните институции, бидејќи во пракса се забележува дека има недоречености, не конкретности и пропусти во содржината на актите за проценка.

Правилникот за начинот на полагање на стручен испит ќе ги содржи начинот, програмата и условите за полагање на стручен испит за БЗР, со што овие одредби наместо во ЗБЗР би се уредиле со под законски акт, со што би се овозможило растоварување на ЗБЗР од членовите 17 – б до 17 – х. Во ЗБРЗ ќе се уредуваат само основните прашања за стручниот испит, односно кој може да го полага и што може да работи стручното лице потоа, а во правилникот ќе бидат уредени сите детали во однос на полагањето на стручниот испит.

Со оглед на сегашната состојба во РМ, осудените лица може да бидат работно ангажирани (во установата во која ја извршуваат казната или надвор од установата во правни лица и други институции), согласно Законот за извршување на санкциите, меѓутоа не е определено кој е задолжен да ги обучува за БЗР и да им овозможи БЗР при извршувањето на своите работни активности. Во РМ недостига позитивно правен пропис кој ќе ги уредува овие прашања. Во законот за извршување на санкциите има само еден член во кој е определено дека осудените лица при работа користат минимални технички услови за БЗР според општите прописи. Неопходно е во иднина да се донесе правилник со кој подетално би се уредила БЗР и за осудените лица кои работат за време на издржувањето на казната.

Тежината, специфичноста и комплексноста на работата во високо ризичните дејности (рударство, енергетика, градежништво, земјоделство и др.), доведува до неопходност за донесување на правилници за БЗР кои посебно ќе се однесуваат на секоја соодветна дејност.

За остварување на четвртата специфична стратешка цел потребно е да се изврши категоризација на правилниците која ќе овозможи примена на соодветен правилник од страна на правните субјекти кои се занимаат со одредена дејност која е уредена со правилникот. Исто така со оваа категоризација ќе се овозможи и дистинкција помеѓу правните субјекти со различна големина во однос на изречените глоби за непочитување на одредбите за БЗР.

За поквалитетна изработка на актите за проценка на ризик, а во согласност со Европските директиви потребно е да се врши ревизија од страна на надлежни научни институции.



## 3.2. Стратешки приоритет бр. 2
Подигнување на јавната свест за БЗР

**Специфични стратешки цели:**

2.1. Развиена и зајакната култура на превентивно делување на работно способното население.

2.2. Подигнување на свеста за БЗР преку формалното образование.

За остварување на првата стратешка цел се предвидува креирање на програми за БЗР. Со оваа активност, ќе се развијат посебни програми кои ќе бидат наменети за различни целни групи од работно способното население (јавен сектор, приватен сектор, локална самоуправа, ДИТ, ОРМ, ССМ, ГО итн.). Континуираната обука заедно со формалното образование во областа на БЗР се важни сегменти за развивање и зајакнување на културата за БЗР. Тие се неопходни за унапредување на знаењето и стекнувањето на вештини од областа на БЗР. Обуката треба да биде континуирана (теоретска и практична), која мора да се прилагоди на условите на секојдневната работа и специфичните карактеристики на работното место. Во овој стратешки период треба да се овозможи работодавачите и вработените, како и другите лица, да бидат свесни за потребата од континуирано подобрување на знаењата и вештините во оваа област. Обуката е суштински елемент во одржувањето на здраво и безбедно работно место и претставува интегрална компонента на управувањето со БЗР. Таа треба да биде распоредена во редовни временски интервали и да биде прилагодена на реалноста на секојдневното извршување на работните обврски. Посебно треба да се истакне дека обуката мора да се прилагоди кон спецификите на работното место и мора да се изведе во согласност со програма за обука на работниците. Обуката за БЗР треба да функционира како интегрален дел на обуката за работа и треба да биде инкорпорирана во секојдневните работни постапки во погоните, односно таа не треба да се третира изолирано. Менаџерите, стручните лица и работниците и нивните претставници треба да бидат обучени за безбедно извршување на своите работни обврски. Менаџментот треба да биде сигурен дека сите оние кои имаат улога во производствениот процес се обучени во поглед на техничките вештини кои им се потребни за да ја извршуваат својата работа. Затоа обуката за стекнување на вештини и обуката и запознавање на работното место, работната средина и работниот процес треба секогаш да вклучува и компоненти на БЗР. Со воведувањето на нова или подобрена технологија, постои потреба од обука во однос на методите за анализа за да се идентификуваат и измерат опасностите, како и во однос на начините за да се заштитат работниците од овие опасности.

Исто така, за да се подигне свеста за БЗР потребно е и промовирање на БЗР преку електронските и пишаните медиуми. За остварување на оваа цел се предвидува континуирано учество во работата на медиумите, што ќе се оценува со процентуалната застапеност на БЗР во медиумите. За остварување на оваа цел, односно развивање на свеста и културата на граѓаните за БЗР неопходно е да се врши промоција на стандарди за БЗР. Промоцијата (определена како пренос на информации) на стандарди за БЗР пред работно способното население, ги има следниве цели:

- Промовирање на основната порака, работниците и менаџерите да работат заедно на превенција од ризик, од практични, законски, економски и етички причини;
- Обезбедување на јасно и едноставно упатство за работодавачите за управување со конкретни ризици поврзани со работата на работниците и нивните претставници;
- Обезбедување на практични насоки, информации и алатки со цел да се промовира културата на превенција од ризик, особено во мали и средни претпријатија;
- Вклучување на управувањето со БЗР во политиките за корпоративна општествена одговорност на организациите;
- Поставување на темелите за поодржлива култура на превенција од ризик на работните места.

Промоцијата пред работно способното население на стандарди за БЗР се остварува преку:

- Дистрибуција и давање публицитет на информациите и материјалите на промоцијата (летоци, извештаи, водичи, документи со факти, контролни листи, постери, филмови, фотографии, квизови, Power Point презентации, карикатури итн.);
- Организација на сопствени активности, која вклучува обуки за подигање на свеста за БЗР, конференции, работилници, семинари, тркалезни маси, натпревари, механизми за обезбедување сугестии, рекламни кампањи и конференции за печат;
- Користење на онлајн алатки што се на располагање на интернет страниците за промоција. Алатките обезбедуваат простор за споделување на знаењето и добрата пракса;
- Присуство на натпревари за награди за добра пракса за БЗР, каде се дава признание на организациите со различни големини кои нашле инвентивни начини за промовирање на БЗР;
- Учествување во Европската недела за БЗР, која се одржува во октомври секоја година, во чии рамки се организираат настани со теми за БЗР и кои кулминираат со церемонија за награди за безбедност.

За остварување на втората стратешка цел се предвидува креирање на програми за БЗР за формалното образование. Неопходно е интегрирање на промоција за БЗР во образованието. Образованието за БЗР треба да биде нераздвоен дел од наставната програма во училиштата и во високообразовните институции. Потребно е да се креираат програми за безбедност и здравје за децата од предучилишна возраст. Покрај за децата од предучилишна возраст, во соработка со образовните институции и работодавачите потребно е да се реализира кампања за едукација на учениците од основните, средните училишта и студентите од областа на БЗР. Ќе се креираат програми за БЗР кои ќе бидат добро развиени, прилагодени на возраста на учениците и на степенот на нивното образование. Започнувајќи од најмала возраст, предучилишна возраст, па понатаму, организирајќи образовни претстави за деца за БЗР, учење на забавен начин, семинари и обуки, ќе ја поттикне културата за БЗР кај граѓаните на РМ. Несоодветните програми за образование може да бидат еден од факторите кој негативно влијае врз состојба во областа на БЗР. Спротивно на тоа, програми во образованието во кои ќе бидат вклучени БЗР, се еден од основните фактори за напредок во оваа област. Зголемени инвестиции во образовниот систем, со ефикасно користење на постојните ресурси, ќе овозможи значителна модернизација на наставата.

Во образовниот систем на РМ постојат високообразовни институции кои едуцираат кадри од областа на БЗР во студиски програми. Безбедносно инженерство при работа, на ниво на основните академски и основни стручни студии (180 ЕКТС -кредити), магистерски академски студии, специјализирани академски и специјалистички професионални студии (240-300 ЕКТС - кредити) и други академски студии. А, исто така не помалку важни во областа на БЗР се и докторите по медицина на труд, кои како кадри исто така се едуцираат во РМ. За овозможување напредок и развој на БЗР, неопходно е и зголемување на бројот на стручни кадри како од областа на безбедносно инженерство, така и од областа на медицина на трудот.

Неопходно е да се покрене иницијативата за формирање на „Едукативен Центар за БЗР“. Цел на овој центар ќе биде едукација за можните повреди на работно место, но и едукација за пружање на прва помош на работно место при повреда. Едукацијата вклучува обука, која претставува процес на помагање на другите да стекнат вештини потребни за добро извршување на дадената работа.



## 3.3. Стратешки приоритет бр. 3
## Подигнување на компетенциите на релевантните субјекти за БЗР

**Специфични стратешки цели:**

Воведување на систем за континуирано професионално образование за БЗР.

3.2. Креирање на платформа за размена на знаење и вештини на национално и меѓународно ниво.

За остварување на првата стратешка цел, потребно е прво да се изврши анализа на состојбата на професионалното образование за БЗР во РМ. Врз основа на извршената анализа се очекува точно да се утврди состојбата на професионалното образование за БЗР, а потоа да се предлагаат мерки и начини за подобрување на професионалното образование за БЗР, кои преку усвоена програма за континуирано професионално образование ќе овозможат подигнување на компетенциите на релевантните субјекти за БЗР.

Подобрување на компетенциите на стручните лица и претставниците на вработените за БЗР се постигнува преку образование и обуки од областа на БЗР. Од посебно значење за стручните лица е веќе воведениот нов начин за полагање на стручен испит за БЗР, како и континуираната обука на стручните лица. Неопходно е и постојано да се проверува дали физичките и правните лица кои вршат дејност од областа на БЗР ги исполнуваат законските услови за тоа. Во иднина би требало да се стави поголем акцент и на образованието и обуките на претставниците на вработените за БЗР, како и претставниците на синдикатот.

За остварување на оваа цел, во рамките на ДИТ, неопходна е континуирана обука на трудовите инспектори. Обуката на трудовите инспектори, кои се директно вклучени во подобрувањето на условите за работа и работната средина треба да ја земат во предвид зголемената сложеност на работните процеси. Во таа насока треба да се организираат едукативни семинари, работилници, студиски посети за запознавање на инспекторите со практичната примена на законодавството за БЗР, со посебен акцент на земјите со добра пракса за БЗР. Обуките на трудовите инспектори треба да ги следат современите достигнувања во областа на БЗР и истите да ги аплицираат во РМ. Исто така потребно е зголемување на ефикасноста на ДИТ при вршењето на контроли врз примената на мерките за БЗР, со тоа што редовното следење на состојбата за примена и овозможување на БЗР, како и спроведување на соодветните постапки за непочитување на законските обврски за БЗР, истовремено ќе влијае и превентивно и репресивно врз работодавачите кои се должни да применуваат мерки за БЗР.

За остварување на целта да се подигнат компетенциите на релевантните субјекти за БЗР, неопходен е и континуиран развој и унапредување на СМТ. Потребно е да се усвои национална програма за СМТ, да се унапреди здравствена мрежа на СМТ, да се развијат нови модели на СМТ, да се врши континуирана обука на докторите специјалисти по медицина на труд кои ќе овозможат надградување на нивните специфични знаења и вештини за превенција, евалуација и управување со состојбите што се јавуваат кај работниците итн. Јакнењето на СМТ ќе ја зголеми нивната улога во советувањето, поддршката и имплементацијата на законските и под законските акти за БЗР, особено преку: примена на законските обврски од областа на медицината на трудот и етика;

советување на менаџерите за имплементација на стандарди за БЗР; советување за политиката за БЗР во претпријатијата; советување на работниците и нивните претставници за законските права и обврски; евалуација на усогласеноста на политиката за БЗР во претпријатијата со БЗР актите на ЕУ и МОТ итн. Како критична точка во овој сегмент се назначува и потребата од обезбедување на соодветен број на доктори специјалисти по медицина на трудот според нормативот на Меѓународната комисија за медицина на трудот (1 доктор специјалист на 5 000 работници).

За остварување на втората специфична стратешка цел, неопходно е претходно да се постигне воведување на БЗР во образованието и одржување на обуки за БЗР, со што би можело да се изгради добро функционален национален систем за БЗР. Тоа би значело дека на национално ниво, заедно со претходно склучени меморандуми за соработка помеѓу надлежните институции има основни предуслови за размена на знаења и вештини, што би резултирало со креирање на платформа за остварување на таа цел. Оваа националната платформа за размена на знаење и вештини ќе функционира и на меѓународно ниво, преку размена на искуства и споделување на најдобри практики за БЗР.

## 3.4. Стратешки приоритет бр. 4
## Унапредување на системот за евиденција за БЗР

**Специфични стратешки цели:**

4.1. Унифицирање на евиденција за БЗР согласно законските прописи.

4.2. Зајакнување на меѓу институционалната соработка помеѓу релевантните учесници во системот за евиденција за повреди при работа, професионални заболувања и болести во врска со работата.

4.3. Креирање на информатички систем за БЗР.

Влијанието на работата врз здравјето тешко се оценува и секоја земја работи во специфичен здравствен и осигурителен систем. Оттаму објавените податоци за повредите при работа, професионалните болести и болестите во врска со работата се базираат на важечката национална легислатива, ефикасноста во откривањето, пријавувањето и регистрирањето, како и на компензаторните механизми и системи. Екстраполацијата направена според инциденцата на професионалните болести во Европските земји ја дава годишната инциденца (нови случаи на професионални болести на 100 000 вработени - HFA Database, 2010) од 41,9 во Европскиот регион, 30,74 во земјите на ЕУ и 0,43 во РМ. Официјалните податоци за инциденцијата и преваленцијата на професионалните болести во РМ сé уште се инсуфициентни. Важен чекор беше направен со објавувањето на Листата на професионални болести на РМ со критериуми за нивна дијагноза и верификација (Сл. весник на РМ, бр. 88/04) во чие изготвување се следени препораките на ЕУ за Листата на професионални болести (Препораки на комисијата од 19/09/2003). Регистарот на професионални болести согласно Законот за евиденција во здравството (Сл. весник на РМ, бр. 20/09) е обврска на ИЈЗ, како национален центар за здравствена статистика. Бројот на регистрирани професионални болести е мал и истиот не одговара на реалната ситуација. Во последнава деценија инциденцата

се движи од 0,05 до 0,08 случаи на 1.000 вработени, односно 20 до 30 нови случаи годишно со континуиран тренд на покачување до 70 - 80 случаи годишно. ИМТ е задолжен за верификација на професионалните болести за компензаторните цели.

Во однос пак на евидентирањето на повредите при работа, постои преклопување на евиденцијата за повредите при работа, кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена на работникот. Ваква евиденција води ДИТ и ИЈЗ согласно Законот за евиденции во здравството. Меѓутоа она што недостига во оваа сфера е евиденција на повреди при работа кои не повлекуваат отсуство од работа повеќе од 3 дена. Евиденцијата на овие повреди претставува индикатор за анализа на ергономско – технолошко – техничкиот елемент на работниот процес, а истовремено е во корелација со мускулно скелетните заболувања, односно болестите во врска со работата.

За остварување на првата специфична стратешка цел основно е да се направи анализа на постојната законска регулатива за евиденција за БЗР, а потоа да се подобри правилникот за евиденција за БЗР, да се подготват обрасци за евиденција за БЗР и да се иницира постапка за усвојување и формализирање на правилникот за евиденција. Поради тоа што во РМ постои евидентна разлика во статистичките податоци од областа БЗР, потребно е воспоставување на интегриран систем за следење и пријавување на повредите при работа кој би овозможил евидентирање и регистрирање на сите повреди при работа. Неопходно е усогласување на евиденцијата во РМ со методологијата на Европската статистика за несреќи при работа, односно воспоставување на единствена методологија за евиденција на повредите при работа и професионалните заболувања во РМ. Согласно Европските стандарди, односно ESAW методологија за усогласување на статистиката за несреќи при работа (Euporean stastics on accidents at work), под поимот несреќа при работа се подразбира "настан во текот на работата кој резултирал со физичка или ментална штета" и тука не спаѓаат повредите предизвикани на патот од работното место до местото на живеење и обратно (commuting accidents). Од ова следи заклучок дека недостасува усогласување на дефиницијата за повреди на работа и критериумите кои се препорачани од страна на МОТ и се користат во земјите на ЕУ со моменталните критериуми на обработка и статистиката на повреди во РМ. Иако, заштитата при работа го опфаќа патот од домот до работното место и обратно во извештаите не се прикажани сообраќајните незгоди, бидејќи не е јасно дали се случиле за време на службени патувања, за време на патот до дома или од некоја друга причина. Исклучок е направен кај професионалните возачи или транспортните компании каде транспортот е примарна дејност и јасно е означено дека причинител на несреќата е отсуство или недоволна заштита при работа. Во иднина неопходно е целосно хармонизирање на легислативата во методологијата на регистрирањето, евиденцијата и следењето на професионалните болести со ЕУ. Исто така, неопходно е усогласување на статистичката обработка на податоци за професионалните болести со статистиката на ЕУ во овој домен (European Occupational Diseases Statistics - EODS).

За остварување на втората специфична цел потребно е да се зајакне и унапреди меѓу институционалната соработка помеѓу релевантните субјекти во системот за евиденција на повреди при работа, професионални заболувања и болести во врска со работата, преку утврдување на постапки за комуникација помеѓу институциите кои водат евиденција за повредите при работа и професионалните болести. Како резултат на претходната активност треба да се постигне усогласување на ЕТ-8 образец со законската легислатива. А, исто така во рамките на оваа стратешка цел

предвидено е и утврдување/унифицирање на постапката за евиденција на повреда при работа во надлежните институции, што ќе се постигне преку посебен образец за евиденција.

За остварување на третата специфична стратешка цел, потребно е воведување и развој на интегриран систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести. Во рамките на оваа цел, преку реализација на заеднички проект на МЗ и Министерството за информатичко општество и администрација, наречен проект Е - Здравство се воведува интегриран здравствен информатички систем (IHIS). Непостоењето на информатичка поврзаност на здравствените установи за пријавување и евидентирање на професионалните болести, како и неадекватната имплементација на легислативата, несоодветната верификација, пријава и регистрација на професионалните болести ја правеше неефикасна евиденцијата во пракса. Во иднина неопходно е да се воведе и зајакне информатички систем за ефикасно водење на евиденција за повредите при работа, професионалните болести и другите болести во врска со работата.

## 3.5. Стратешки приоритет бр. 5 Унапредување на улогата на Советот за БЗР

**Специфични стратешки цели:**

5.1. Подобрување на ефикасноста и следење, анализа на активностите на Советот за БЗР

5.2. Подобрување на ефективноста и зајакнување на улогата на Советот за БЗР и влијание врз законска легислатива за БЗР.

За остарување на првата цел неопходно е прво да се спроведе истражување за функционирањето на Советот за БЗР, како на национално така и на меѓународно ниво. Врз основа на таквата анализа, ќе се изработи програма и деловник за работа на Советот, преку кои тој фактички ќе ги остварува своите активности. За претходното секако неопходно е да се обезбедат финансиски средства, преку поднесени барања за финансирање на активностите. Исто така, за остварување на оваа цел потребно е континуирано следење на активностите на членовите на Советот, што ќе се оствари преку поднесување на писмена информација од секој член, со која ќе се овозможи тековна взаемна информираност на сите членови на, односно зголемена видливост и посветеност на работата на членовите на Советот за БЗР. Поголема соработка на Советот за БЗР со Економско - социјалниот совет, локалната самоуправа  и граѓанските организации кои што се грижат за безбедноста и здравјето на граѓаните. Исто така во локалните самоуправи да се формираат Совети за БЗР кои ќе соработуваат со локалните граѓански организации.

Втората специфична стратешка цел се однесува на јакнење на улогата на Советот за БЗР преку: активно учество на членовите во работата на Советот за БЗР  и предлагање мерки до релевантните министерства и институции, со што би се остварила неговата советодавна улога; проучување на домашната и меѓународната легислатива во областа на БЗР; присуство на меѓународни форуми, конференции и семинари од областа на БЗР итн. Во насока на јакнење на улогата на Советот се

предвидува и предлагање на точки на дневен ред на ЕСС на национално ниво и на ниво на локални ЕСС за актуелни прашања за БЗР.

## 3.6. Стратешки приоритет бр. 6 Иницијатива за секторска и меѓу секторска соработка во сферата на БЗР на национално и меѓународно ниво

**Специфични стратешки цели:**

6.1. Подобрување на соработката, координацијата и размената на информации помеѓу сите релевантни чинители од областа на БЗР.

6.2. Формирање на национална мрежа за БЗР која ќе иницира соработка на национално и меѓународно ниво.

За остварување на првата стратешка цел неопходно е соработката, координацијата и размената на информации да се врши во согласност со националните правила и на сите нивоа – на ниво на компанија, регионално и национално преку социјален дијалог и вклучување на сите социјални партнери во изнаоѓањето на решенија за прашањата за БЗР. Управувањето со БЗР, треба да биде интегрален дел од културата на работното место, од самиот врв на организацијата и надолу, по ниво на управување. Учеството на вработените се идентификува како клучен предуслов за успешно управување со БЗР и главен фактор кој допринесува за намалување на професионалните заболувања и повреди при работа. Менаџерите со своите вработени треба активно да се ангажираат за да учествуваат во носењето одлуки. Формирање на поголем број ГО кои ќе бидат вклучени во активности за безбедноста и здравјето на при работа и едукација на граѓаните преку мрежа за едукација на сите нивоа.

МЗЗПР да формира работна група што ќе иницира постапка до Советот за БЗР и МТСП за формирање на Комора за БЗР од правните и физичките лица овластени за БЗР.

Потребно е мрежата за соработка за БЗР да се прошири и со Стопанските комори кои делуваат во РМ.

Придобивките од учеството на работниците вклучуваат:

- Пониски стапки на несреќи;
- Економични решенија;
- Посреќна и попродуктивна работна сила;
- Пониски стапки на отсуство;
- Поголема свест за ризиците на работното место;
- Подобра контрола врз ризиците на работното место и др.

Соработката на полето на БЗР помеѓу менаџментот и работниците или нивните претставници на работното место претставува суштински елемент во одржувањето на здрава работна средина. Исто така, таа може да придонесе за воспоставување и одржување на добра социјална клима и за постигнување на поширoки цели. Целосно учество на работниците во сите планови и програми за БЗР кои се направени заради нивна корист нема само да ја обезбеди ефикасноста на таквите мерки, туку ќе овозможи одржување на едно прифатливо ниво на БЗР по разумна цена.
БЗР бара постојана активност и од вработените и од менаџерите, бидејќи претставува динамичен систем, кој се адаптира и еволуира со времето, а не ригидна бирократска практика, која дава отпор на промените. Менаџерите треба да прикажат лидерство, да ги следат правилата за БЗР, наместо едноставно да им наредуваат на вработените да ги следат истите. Оние менаџерите кои добро ја менаџираат БЗР имаат пониски стапки на отсуство, затоа што лидерското однесување е поврзано со боледувањата и добросостојбата на вработените. Работниците и менаџерите преземаат активна улога во идентификацијата на проблемите и изнаоѓањето на решенијата. Ова во пракса значи:

- Ефективен и отворен дијалог, кој вклучува искрено слушање на меѓусебните грижи;
- Заедничко решавање на проблемите и носење на одлуки;
- Учество во развојот на политиката и праксата за БЗР;
- Учество на вработените во промоција и постигнување на безбедни и здрави услови за работа;
- Целосна соработка на работниците со работодавачите за подобрување на безбедноста, здравјето и добросостојбата на работното место и сл.

Пристапот до подобри информации претставува главен услов за значајни, позитивни придонеси од страна на работниците и нивните претставници за контрола на опасностите при работа. Политиката на претпријатието треба да осигури дека работниците можат да добијат помош во оваа смисла од нивните синдикални организации, кои имаат легитимно право да бидат вклучени во се што е поврзано со заштитата на животот и здравјето на нивните членови. Поголема посветеност на работниците кон грижата за сопствената безбедност и безбедноста на другите лица произлегува од претходно запознавање на работниците со штетите и опасностите кои произлегуваат на нивните работни места, доколку не се применуваат мерки за БЗР, како и запознавање со меѓународните прописи од оваа област, но и со домашните прописи кои им нудат соодветна заштита, а која не може да биде под минимумот на заштита утврдена со меѓународните документи.

За остварување на соработка, координацијата и размената на информации помеѓу сите релевантни чинители од областа на БЗР, покрај учеството на работниците неопходно е и унапредување на соработката помеѓу институциите; развој и потпишување на меморандуми за соработка, како резултат на потребата за соработка помеѓу клучните партнери во областа; развој на методи за раз-

мена на информации за проблемите при апликација на легислативата во областа на БЗР помеѓу различните партнери итн.

За остварување на втората цел, формирање на национална мрежа за БЗР која ќе иницира соработка на национално и меѓународно ниво, прво се предвидува идентификување на потенцијалните членки на мрежата на национално ниво. Во понатамошните активности се предвидува основање на мрежа на национално ниво, за што ќе бидат донесени програма и планови за дејствување, сé со една единствена цел иницирање на соработка во областа на БЗР прво на национално, а потоа и на меѓународно ниво.

## 3.7. Стратешки приоритет бр. 7<br>Превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди при работа

**Специфични стратешки цели:**

7.1. Превенција и промоција на здравјето на работно способното население.

7.2. Остварување на правото на работниците на здрави и безбедни работни места.

7.3. Одредување на приоритети за истражување и развој.

Здравјето при работа и здравата работна средина се едни од најважните богатства на поединецот и општеството во целина. Здравствената безбедност и благосостојбата на работно способното население претставуваат клучни елементи на целокупниот социо – економски развој на една земја. Токму поради тоа, за остварување на првата специфична стратешка цел неопходно е да се следи здравствената состојба на работно способното население, а исто така и континуирано да се преземаат мерки за превенција, унапредување и промоција на здравјето на работно способното население.

Едно од основните права на работниците од работен однос е правото на здрави и безбедни работни места. Здравјето и безбедноста при работа се важна политика не само за обезбедување на здравјето на вработените, туку и за позитивен придонес во националната економија, преку зголемување на продуктивноста, поголема работна мотивација, поголемо задоволство од работата и придонес кон севкупниот квалитет на животот на човекот и општеството во целина. Терминот „здравје при работа" е традиционално средство не само за превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди при работа, туку и за зачувување и унапредување на здравјето и работната способност на вработените, како и за подобрување на работната средина и создавање на безбедни и здрави работни места. Преку остварувањето на втората специфична стратешка цел, всушност ќе се постигне и зголемување на работниот капацитет на работниците и намалување на загубите во економијата и заедницата. Неопходно е работниците да имаат здравствена состојба која нема негативно да влијае врз нивната работа. Тоа значи дека со редовни здравствени прегледи, континуирано ќе се следи здравствената состојба на работниците и ќе се преземаат различни превентивни мерки со цел да се постигне заштита од појава на професио-

нални болести, болести во врска со работата и повреди при работа, односно да се спречи нивно настанување. Но, доколку се појават професионалните болести, болестите во врска со работата и повредите при работа, рано да се дијагностицираат и брзо да се делува за да се спречи влошување на здравствената состојба на работниците. Поради тоа посебно внимание треба да се посвети на сегментот „здравје при работа“, чиј главен носител се услугите на СМТ.

За остварување на третата специфична стратешка цел потребно е да се иницираат истражувања за: професионалните алергиски заболувања, биолошките штетности на работните места, влијанието на стресот врз здравјето на работниците, токсичноста на тешките метали, влијанието на климатските промени врз здравјето на работниците итн.

## 4. Долгорочни и краткорочни мерки за овозможување на БЗР

Долгорочните мерки за овозможување на БЗР ќе се остваруваат преку донесување на прописи и измена на постојните прописи, во согласност со меѓународните акти од областа на БЗР, како и нивна имплементација.

Долгорочните и краткорочните мерки за овозможување на БЗР, како и контрола врз спроведување на мерките за БЗР се во надлежност на државните органи. Во рамките на долгорочните мерки ќе се врши континуирано подигнување на компетенциите на инспекторите надлежни за БЗР, како и зголемување на ефикасноста на ДИТ при вршење на контроли и мониторинг врз прописите од областа на БЗР. За остварување на целите на Стратегијата од посебна важност се и СМТ, кои преку својот развој и унапредување ќе овозможат намалување на бројот на повреди при работа и професионални болести. На долг рок се очекува поактивно учество на СМТ во советувањето, поддршката и имплементацијата на законските и под законските акти за БЗР. Исто така како долгорочна мерка во делот на СМТ ќе се овозможи обезбедување на соодветен број на доктори специјалисти по медицина на трудот соодветен број на инженери по безбедносно инженерство.

На долг рок се очекува Советот за БЗР да покаже поголема активност во предлагање на мерки до релевантните министерства и институции; проучување на домашната и меѓународната легислатива во областа на БЗР; присуство на меѓународни форуми, конференции и семинари од областа на БЗР итн.

Од посебно значење е евиденцијата на податоци во интегрираниот систем за следење и пријавување на повредите при работа и професионалните заболувања, кои ќе послужат како основа за преземање на мерки и активности за превенција од повреди при работа и професионални болести во иднина.

Заклучно со 2013 година, вкупно 46 правни лица добиле овластување за вршење на стручни работи за БЗР, а испитот за стручно лице за БЗР заклучно со 2013 година го положиле вкупно 508 лица. Во рамките на долгорочните мерки ќе се проверува дали овие физички и правни лица кои вршат дејност од областа на БЗР ги исполнуваат законските услови за тоа. Новиот начин на полагање на стручниот испит за стручните лица за БЗР е мерка која ќе даде ефект на долг рок. Исто така и континуираното усовршување на стручните лица за БЗР е долгорочна мерка предвидена со ЗБЗР.

Согласно оваа Стратегија ќе се вршат обуки за БЗР наменети за стручните лица, претставниците на вработените за БЗР, синдикалните претставници и работниците. Овие обуки на долг рок ќе

дадат позитивни ефекти, односно се очекува подигање на свеста за значењето и улогата на БЗР помеѓу македонските граѓани. А покрај тоа БЗР ќе се воведе и како дел од формалното образование за учениците и студентите во РМ. Се ова би значело дека на долг во РМ ќе се обезбеди одржливо намалување на бројот на повреди при работа, професионални болести и болести во врска со работата.

Реализацијата на долгорочните и краткорочните мерки за овозможување на БЗР ќе се остварува преку согледување на постојните мерки за заштита, планирање и воведување на нови мерки, согласно техничко – технолошкиот напредок. Исто така ќе се врши анализа на резултатите од примената на мерките за БЗР, односно ќе се следи состојбата со повредите и смртните случаи на работно место, со цел да се утврдат недостатоците и да се изврши нивна корекција и унапредување.

Со оглед на малиот број на ГО во областа на БЗР и нивната активност условена од финансиските средства, она што на долг рок би требало во иднина да се направи е овозможување на повеќе средства за ГО кои се активни на полето на БЗР (на пр. ФЗО и ФПИО да одвојуваат дел од своите средства за ГО активни во БЗР, од што секако и тие би имале повратен ефект).

## 5. Финансирање

Финансиски средства за реализирање на Стратегијата ќе се обезбедат од фондови од ЕУ, како и фондови од Република Македонија (Владата, ЛС, ФЗОМ, ФПИОМ, ОРМ, ССМ, КСС, и др.).

## 6. Имплементација

Заради унапредување на состојбата во областа на БЗР неопходно е континуирано следење и оценување на дефинираните стратешки цели. На овој начин, проблемите кои може да настанат во текот на примената на оваа Стратегија детално ќе се анализираат и ќе се предлагаат адекватни измени.

## 7. Акционен план

За примена на оваа Стратегија се носи и Акционен план. Акциониот план е дел од оваа Стратегија и со него ќе се утврдат активностите, задачите, носителите на активностите, финансиските средства и роковите за остварување на целите на Стратегијата.

Проект Граѓански организации како активни социјални актери
во промоција на стандарди за безбедност и здравје при работа

www.go-bzr.mk

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗАСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2015-2019)



## Стратешки приоритет бр. 1 Унапредување на законската регулатива за БЗР

| МЕРКИ/ АКТИВНОСТИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОРИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1. 1. Измени и дополнувања на ЗБЗР** | | | | | |
| 1.1.1.Формирање на работна група | Формирана работна група за анализа на позитивните одредби од ЗБЗР | Потпишан меморандум за соработка и усвоен план за работа | 2015 | МТСП, Научни институции, МЗЗПР,ОРМ, ССМ, КСС, ЛС, ИМТ | |
| 1.1.2. Утврдување на постојната состојба | Подготвена студија за примената на ЗБЗР | Испечатена студија | 2016 | Работната група од 1.1.1. | 2000 € |
| 1.1.3.Иницирање на измени и дополнувања на ЗБЗР | Предлог измени и дополнувања на ЗБЗР согласно со реалните потреби и ЕУ легислативата | Постигнато високо ниво на усогласеност на националниот ЗБЗР со реалните потреби и ЕУ легислативата | 2017 - 2019 | Работната група од 1.1.1. | |
| **ЦЕЛ 1. 2. Ревизија на правилниците за БЗР** | | | | | |
| 1.2.1. Формирање на работна група | Формирана стручна група | Потпишан меморандум за соработка и усвоен план за работа | 2015 | МТСП, Научни институции, МЗЗПР,ОРМ, ССМ, КСС, ГО, ЛС, ИМТ | |
| 1.2.2.Согледување на постојната состојба | Подготвена студија за правилници | Испечатена студија | 2016 | Работната група од 1.2.1. | 2000 € |
| 1.2.3. Ревизија на постојните правилници | Ревидирани 20% од правилниците | Број на ревидирани правилници | 2017 - 2019 | Работната група од 1.2.1. | 2500 € |
| **ЦЕЛ 1.3. Доуредување на регулативата за БЗР со иницирање на нови правилници** | | | | | |
| 1.3.1. Формирање работна група | Формирана работна група | Потпишување на меморандум за соработка. Усвоен план за работа | 2015 | МТСП, Научни институции, МЗЗПР,ОРМ, ССМ, КСС,ГО, ЛС, ИМТ | |
| 1.3.2. Процеси на анализи | Спроведена анализа | Број на работни средби. Број на подготвени анализи | 2016 | Работната група од 1.3.1. | 1000 € |
| 1.3.3. Креирање на предлог правилници | Креирани предлог правилници | Број на подготвени предлог правилници | 2017 – 2019 | Работната група од 1.3.1. | 1500 € |
| 1.3.4.Креирање на предлог правилник за ревизија на актот за проценка на ризик | Креиран предлог правилник за ревизија на актот за проценка на ризик | Поднесен предлог правилник за ревизија на актот за проценка на ризик до МТСП | 2017 | Работната група од 1.3.1. | 1000 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.5. Креирање на предлог правилник за начинот на полагање на стручен испит | Креиран предлог правилник за начинот на полагање на стручен испит | Поднесен предлог правилник за начинот на полагање на стручен испит до МТСП | 2017 | Работната група од 1.3.1. | 1000 € |
| 1.3.6. Креирање на предлог правилник за БЗР за осудени лица | Креиран предлог правилник за осудени лица | Поднесен предлог правилник за осудени лица до МТСП | 2018 | Работната група од 1.3.1. и експерти од пенитенцијарната област | 1000 € |
| 1.3.7. Креирање на предлог правилници за БЗР во рудници, енергетика и др., односно за секоја високо ризична дејност | Креирани предлог правилници за БЗР во рудници, енергетика и др., односно за секоја високо ризична дејност | Поднесен предлог правилник за БЗР во рудници, енергетски објекти и др., односно за секоја високо ризична дејност до МТСП | 2018 | Работната група од 1.3.1. и експерти од соодветните области | 2000 € |
| 1.3.8. Консултативен процес за усвојување | Организирани дебати / средби со чинителите | Извештаи од средби<br>Број на усвоени предлог правилници | 2017 -2019 | Работната група од 1.3.1. | 500 € |
| **ЦЕЛ 1.4. Категоризација на правилници според дејноста и големината на правните субјекти** | | | | | |
| 1.4.1.Формирање на работна група | Формирана работна група за анализа на правилниците за ЗБЗР | Потпишан меморандум за соработка и усвоен план за работа | 2015 | МТСП, Научни институции, МЗЗПР,ОРМ, ССМ, КСС, ГО, ЛС, ИМТ | |
| 1.4.2.Процеси на анализа | Извршена анализа | Бр. на работни средби<br>Бр. на извршени анализи | 2016 | Работната група од 1.4.1. | 1000 € |
| 1.4.3.Категоризација на правилници според дејноста на правните субјекти | Извршена категоризација на правилници според дејноста на правните субјекти | Категории на правилници според дејности | 2017 | Работната група од 1.4.1. | 1000 € |
| 1.4.4. Категоризација на правилници според големината на правните субјекти | Извршена категоризација на правилници според големината на правните субјекти | Категории на правилници според големината на правните субјекти | 2017 | Работната група од 1.4.1. | 1000 € |

## Стратешки приоритет бр. 2 Подигнување на јавната свест за БЗР

| МЕРКИ/ АКТИВНОСТИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОРИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 2.1. Развиена и зајакната култура на превентивно делување на работно способното население** | | | | | |
| 2.1.1.Креирање на програми за подигање на јавната свест за БЗР | Развиени програми за посебни целни групи (јавен сектор, приватен сектор, ДИТ, ОРМ, ССМ итн.) | 2/3 развиени програми | 2015- 2016 | Научни институции, МЗЗПР, МТСП ДИТ, МЗ, МОН, ССМ, ОРМ, ГО, ЛС, ИМТ | 3000 € |
| 2.1.2.Дисеминација на програмите | Испорачани програми за подигање на свеста за БЗР | Број на испорачани програми | 2016 | МЗЗПР | 1000 € |
| 2.1.3.Промоција на БЗР преку ел. и пишани медиуми | Континуирано учество во медиуми | % на застапеност на БЗР во медиумите | 2015 - 2019 | МЗЗПР | 3000 € |
| 2.1.4. Формирање на тимови за обуки за БЗР | Формирани стручни тимови за обуки за БЗР | Број на формирани тимови | 2016 | Научни институции, МЗЗПР, ИМТ | |
| 2.1.5. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население од приватниот сектор | Обучено работно способно население во приватниот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население од приватниот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, КСС, ОРМ, ИМТ | 6000 € |
| 2.1.6. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население од занаетчискиот сектор | Обучено работно способно население од занаетчискиот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население од занаетчискиот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, КСС, ЛС, ИМТ | 4000 € |
| 2.1.7. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население во индустрискиот сектор | Обучено работно способно население во индустрискиот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население во индустрискиот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, КСС, ОРМ, ИМТ | 6000 € |
| 2.1.8. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население во градежниот сектор | Обучено работно способно население во градежниот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население во градежниот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, КСС, ОРМ, ИМТ | 5000 € |
| 2.1.9. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население во земјоделскиот сектор | Обучено работно способно население во земјоделскиот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население во земјоделскиот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, КСС, ЛС, ИМТ | 3000 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.10. Организирање на натпревари за избор на најдобри практики во областа на БЗР во приватниот сектор | Поттикнување за примена на добри практики во областа на БЗР во приватниот сектор | Бр. на доделени награди за најдобрите | 2018 - 2019 | Научни институции, МЗЗПР, ОРМ, ЛС | 2000 € |
| 2.1.11. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население од јавниот сектор | Обучено работно способно население во јавниот сектор кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население во јавниот сектор | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, ЛС, ИМТ | 5000 € |
| 2.1.12. Организирање на обуки за БЗР за работно способното население во јавното здравство | Обучено работно способно население во јавното здравство кое ќе врши имплементација на мерките за БЗР | Обучени најмалку 2/3 од работно способното население во јавното здравство | 2017 | Научни институции, МЗЗПР, ССМ, ЛС, ИМТ | 3000 € |
